КАМ доо е најголем синџир на маркети во Македонија кој ги применува основните принципи на хард дисконт: Висок квалитет и постојано ниски цени. Присутни сме во три земји со повеќе од 100 продавници, а успехот на компанијата го обезбедуваат 1.200 вработени кои посветено и професионално ја извршуваат својата работа.

Бараме амбициозни вработени и нудиме возбудливи задачи и проекти во динамична и интернационална средина, и со цел проширување на тимот во **сектор продажба**, бараме личност која ќе се придружи на нашиот тим на позиција:

## СОРАБОТНИК ЗА ИЗВЕШТАИ

**Ваши задачи**:

- Изработување на дневни и неделни извештаи за потребите на секторот,
- Изработување на месечни извештаи за продуктивност,
- Изработување на годишни извештаи,
- Изработување на план за пописи и анализи на работењето,
- Контрола на планот и реализацијата на регионалните менаџери,
- Комуникација со нови купувачи и координирање на процесите,
- Останати обврски по налог на претпоставено лице од делокругот на работење согласно укажаната моментална потреба, вклучувајќи ги и останатите компании од групацијата (Косово и Бугарија)

**Вашиот профил:**

- ВСС -Економски факултет,
- Работно искуство од 3 до 5 години во областа,
- Познавање на англиски јазик,
- Познавање на МС Офис - напредно познавање на Excel, за предност ќе се смета познавање на Power BI
- Возачка дозвола Б-категорија
- Јаки организациски и комуникациски вештини, можност за работа со рокови и под притисок

- Висока мотивација во динамична средина
- Желба и вештини за работа во тим

**Ние Ви нудиме:**

- Обемно воведување во работата, со обука која ветува напредок и успех во работењето. Интензивно ќе бидете обучувани од ментор и ќе се запознаете со инструменти кои подоцна ќе Ви бидат потребни при самостојно извршување на деловните задачи
- Атрактивна плата + дополнителен бонус во зависност од успешноста во извршувањето на работните задачи
- Регрес,речиси 3 пати поголем од законски пропишаниот
- Бонус за препорачан пријател за работа
- Слободен ден за роденден
- Платено колективно осигурување
- Ваучер за склучен брак
- Ваучер за спортска опрема
- Картичка за спорт
- Пакет за новороденче
- Училишен пакет производи
- Пакет производи за верски празници согласно вероисповест
- Попуст за одмор во хотелот „Вилиџ“ во Охрид
- Работа во интернационална компанија, динамично работење и сполнето со новипредизвици и можности за стекнување нови искуства, вештини и напредување во кариерата.

Доколку сте во потрага по нови професионални предизвици, мотивирани сте и подготвени за нови успеси, испратете персонална биографија (CV) на адреса:

**КАМ ДОО, Персонален оддел, ул. 35 бр. 39, 1041 Илинден**

или на и-меилот: **personal@kam.mk**

Апликација за работа можете да испратите и преку нашата интернет страница:

**https://kam.com.mk/kariera/**

Изборот ќе се изврши во рок од 15 - 30 дена, во зависност од бројот на пристигнати апликации. Само кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе влезат во потесниот избор и ќе бидат контактирани.